# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 150 год. LXVII 27 октомври 2011, четврток Цената на овој број е 210 денари.

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3271. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за труд и социјална политика.................................................. | 2 |
| 3272. | **Одлука** за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште, за донесување Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б-1 „Мали комерцијални и деловни единици“ КО Долна Белица, општина Струга................................... | 2 |
| 3273. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност................................... | 2 |
| 3274. | **Исправка** на Одлуката за категоризација на државните патишта.............. | 4 |
| 3275. | **Програма** за изменување на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за 2011 година....................... | 9 |
| 3276. | **Упатство** за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување закони....... | 9 |
| 3277. | **Правилник** за изменување на Правилникот за регистрационите подрачја за возилата и нивни ознаки............... | 11 |
| 3278. | **Правилник** за начинот на унапредување на царинските службеници во Царинската управа................................ | 11 |
| 3279. | **Правилник** за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за производство на лекови........... | 12 |
| 3280. | **Правилник** за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за промет на големо со лекови........................................................ | 13 |
| 3281. | **Соопштение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија... | 15 |
| 3282. | **Решение** за определување на денот за отпочнување со работа на извршителот. | 15 |
| 3283. | **Решение** за определување на денот за отпочнување со работа на извршителот. | 15 |
| 3284. | **Решение** за определување на денот за отпочнување со работа на извршителот......................................................... | 15 |
| 3285. | **Решение** за издавање дозвола за вршење осигурително брокерски работи........ | 16 |
| 3286. | **Решение** за издавање дозвола за вршење осигурително брокерски работи........ | 16 |
| | **Огласен дел.........................................** | **1-80** |

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**3271.**

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.10.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука, на Министерството за труд и социјална политика, бр. 07-2446/3 од 27.9.2011 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 51-5560/1 Заменик на претседателот
22 октомври 2011 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**3272.**

Врз основа на член 49 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр.135/2007 и 18/2011) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.10.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Б-1 “МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ЕДИНИЦИ“ КО ДОЛНА БЕЛИЦА, ОПШТИНА СТРУГА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште, за донесување Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б-1 “Мали комерцијални и деловни единици“ КО Долна Белица, општина Струга.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена е со следните катастарски индикации:

| Катастарска општина | Имотен лист број | Катастарска парцела број | Место викано | Катастарска култура | Катастарска класа | Површина | Сопственост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Долна Белица | 784 | 73/1 | Вранишки Лозја | нива | 3 | 1891м$^2$ | Коџаџику Блерим |
| Враништа Вон Град | 975 | 327/1 | Горни Лозја | нива | 3 | 970м$^2$ | Коџаџику Шпејтим |
| **В к у п н о :** | | | | | | **2861м$^2$** | |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 51-5987/1 Заменик на претседателот
22 октомври 2011 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**3273.**

Врз основа на член 30 став (3) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 44/1999, 86/1999, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010, 102/2010, 24/2011 и 135/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.10.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОБРАТА И УСЛУГИТЕ КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ПОВЛАСТЕНА СТАПКА НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

Член 1

Во Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" број 102/2006, 116/2007, 126/2007, 145/2008 и 41/2011) во членот 2 став 1 по точка 10, се додава нова точка 11 која гласи:

-”11. Сурово масло за производство на храна за човечка исхрана, распоредено во следниве тарифни броеви од Царинската тарифа:

| Реден број | Тарифен број/тарифна ознака | Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. | 1507 10 90 00 | -- Друго<br>(Сурово соино масло за производство на храна за човечка исхрана) |
| 2. | 1508 10 90 00 | - Друго<br>(Сурово масло од кикирики за производство на храна за човечка исхрана) |
| 3. | 1510 00 10 00 | - Сурови масла<br>(Сурово масло од маслинки за производство на храна за човечка исхрана) |
| 4. | 1511 10 90 00 | -- Друго<br>(Сурово палмино масло за производство на храна за човечка исхрана) |
| 5. | 1512 11 91 00 | -- Од сончоглед<br>(Сурово масло за производство на храна за човечка исхрана) |
| 6. | 1512 11 99 00 | --Од шафран<br>(Сурово масло за производство на храна за човечка исхрана) |
| 7. | 1512 21 90 00 | --- Друго<br>(Сурово памуково масло за производство на храна за човечка исхрана) |
| 8. | 1513 11 99 00 | ---- Друго<br>(Сурово масло од кокосов орев за производство на храна за човечка исхрана) |
| 9. | 1513 21 90 00 | ---- Друго<br>(Сурово масло од палмова јатка и палмови ореви за производство на храна за човечка исхрана) |
| 10. | 1514 11 90 00 | -- -Друго<br>(Сурово масло од репка со ниска содржина на еручна киселина за производство на храна за човечка исхрана) |
| 11. | 1515 11 00 00 | -- Сурово масло<br>(Сурово ленено масло) |
| 12. | 1515 21 90 00 | -- -Друго<br>(Сурово пченкарно масло за производство на храна за човечка исхрана) |
| 13. | 1515 50 19 00 | -- -Друго<br>(Сурово сусамово масло за производство на храна за човечка исхрана) |
| 14. | 1515 90 29 00 | -- --Друго<br>(Сурово масло од семе на тутун за производство на храна за човечка исхрана) |

Во ставот 2 точка 3. точката на крајот се заменува со сврзикот “и” и се додава нова точка 4. која гласи:

“4. Услуги на сместување (ноќевање) или сместување со појадок, полупансион или полн пансион, во сите видови на комерцијални угостителски објекти.

Под угостителски објекти се подразбираат угостителските објекти за сместување утврдени со Законот за угостителската дејност.

Услугата полн пансион опфаќа сместување (ноќевање) и три оброка (појадок, ручек и вечера), а полупансионот опфаќа сместување (ноќевање) со појадок и еден од останатите оброци.”

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-6255/1
25 октомври 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

**3274.**

По извршеното срамнување на изворниот текст утврдено е дека во Одлуката за категоризација на државните патишта, бр. 51-4327/1 од 20.9.2011 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/2011, направена е техничка грешка, поради што се дава

## ИСПРАВКА
## НА ОДЛУКАТА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА
## НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА

Во член 1 на Одлуката табелите се заменуваат со корегирани табели.

Бр. 51-4327/2
27 октомври 2011 година
Скопје

Од Владата на Република
Македонија

Член 1

Со оваа одлука се категоризираат државните патишта и тоа:

| рб | пат бр. (ознака) | Патен правец |
|---|---|---|

"А" ПАТИШТА (Автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта)

| | | |
|---|---|---|
| 1 | А1 | Граница со Србија (ГП Табановци)-Куманово-Велес--Неготино, Демир Капија-Гевгелија-гр. со Грција (ГП Богородица) и делница Градско - Прилеп (врска со А3) |
| 2 | А2 | Граница со Бугарија (ГП Деве Баир)-К.Паланка-Страцин-Романовце Куманово)-Миладиновце-обиколница Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево- Требениште-Струга-гр.со Албанија (ГП Ќафасан) |
| 3 | А3 | Крстосница Требениште (врска со А2) - крстосница Подмоље - Охрид- Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес -Штип-Кочани-Делчево-гр. со Бугарија (ГП Рамна Нива), и<br>- делница Битола (Крстосница Кукуречани)-гр. со Грција (ГП Меџитлија); делница Косел (врска со А3) - Охрид - гр. Со Р.Албанија (ГП Љубаништа) |
| 4 | А4 | Граница со Косово (ГП Блаце)-Крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Св.Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр. со Бугарија (ГП Ново Село) |

"Р1" РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Р1101 | Прилеп (врска со А1,А3)-Битола-Макази -Царев двор (врска со Р1307) |
| 2 | Р1102 | Скопје (врска со А2-обиколница Скопје)-Катланово-Велес-Неготино-Д.Капија-Гевгелија-(врска со А1) |
| 3 | Р1103 | Лакавица (врска со А4)-Неготино (врска со А1)-Кавадарци-Дреново (врска со А1) |
| 4 | Р1104 | Скопје (врска со А2-обиколница Скопје)-Арачиново-Куманово (врска со А1)-гр.со Србија (ГП Сопот) |
| 5 | Р1105 | Врска со А1-Миравци -Давидово -Удово (врска со Р1102)-Валандово--Раброво-Дојран-гр. со Грција (Сретеново) и делница Стар Дојран - гр. со Грција (Николиќ) |
| 6 | Р1106 | Врска со Р1102-Драчево-Варвара-Нова Брезница - Кула - Коломот-мост кај Близанско- Калуѓерец - Суводол (врска со Р1303) |
| 7 | Р1107 | Градско (врска со А1) -Росоман - Кавадарци - Мушов Гроб Витолиште-Лагово (врска со А3) и делница Мајдан - гр. со Р.Грција (ГП Пулевец) |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Р1108 | Гевгелија (врска со Р1102)-Моин-Конско-Смрдлива Вода-СЦ Кожув |
| 9 | Р1109 | Гевгелија (врска со А1)-Богданци-Фурка (врска со Р1105) |
| 10 | Р1201 | Струга (врска со А2)-Дебар (врска со Р1202) и делница Џепиште - гр. со Р.Албанија (ГП Џепиште) |
| 11 | Р1202 | Врска со А2-Маврови Анови-Дебар-гр. со Р.Албанија (ГП Блато) и делница за манастир Св. Јован Крстител (Бигорски) |
| 12 | Р1203 | Тетово (врска со А2)-Вратница-гр. со Р.Косово (ГП Јажинце) |
| 13 | Р1204 | Куманово (врска со А2)-Св.Николе- Овче Поле (врска со А3)-Кадрифаково-Штип-Софилари (врска со А4) |
| 14 | Р1205 | Врска со А2-Кратово-Пробиштип-Крупиште (врска со А3) |
| 15 | Р1206 | Клучка Матка (врска со А2)-Групчин-Тетово-Боговиње-Врапчиште-Гостивар (врска со А2) |
| 16 | Р1207 | Младо Нагоричане (врска со А2)-гр. со Р.Србија (ГП Пелинце) |
| 17 | Р1208 | Охрид (врска со Р1301)-Подмоље (врска со А3)-Струга-Радожда |
| 18 | Р1209 | Тетово (врска со Р1206)-Попова Шапка |
| 19 | Р1210 | Врска со А2-Тораница-Саса-Македонска Каменица (врска со А3) |
| 20 | Р1301 | Охрид (врска со А3)-Свети Наум-гр. со Р.Албанија |
| 21 | Р1302 | Делчево (врска со А3)-Пехчево-Берово-Дабиле (врска со А4) |
| 22 | Р1303 | Прилеп (врска со Р1101)-Македонски Брод-Кичево (врска со А2) |
| 23 | Р1304 | Превалец (врска со А3)-Виница-Митрашинци-Смојмирово (врска со Р1302) |
| 24 | Р1305 | Кукуречани (врска со А3)-Демир Хисар-Другово (врска со А2) |
| 25 | Р1306 | Прилеп (врска со Р1303)-Кривогаштани-Крушево-Сладуево (врска со Р 1305) |
| 26 | Р1307 | Ресен (врска со А3)-Царев Двор-Отешево-гр. со Албанија (ГП Стење) и делница Стење - Коњско |
| 27 | Р1308 | Макази (врска со А3)-Претор-гр. со Р.Грција (ГП Маркова Нога) |
| 28 | Р1309 | Зрновци (спој со Р2334)-Кочани (врска со А3)-Пониква-Злетово - Лесново-Пробиштип (врска со Р1205) |
| 29 | Р1310 | Радовиш (врска со А4)-Подареш-Владимирово (врска со Р1302)-Берово-гр. со Р.Бугарија (ГП Клепало) |
| 30 | Р1311 | Битола (врска со Р1101)-Новаци-Маково - Чаниште - Расимбегов Мост (врска со Р1107) и делница Рапеш-Старавина (врска со Р2338) |
| 31 | Р1312 | Врска со А3 (Каратманово)-Велес-Извор-Прилеп (врска со Р1303) |
| 32 | Р1401 | Струмица (врска со А4)-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци (врска со Р 1102) |
| 33 | Р1402 | Куклиш (врска со Р1401)-Банско-Ново Коњарево (врска со А4) |
| 34 | Р1403 | Врска со А4-Радовиш-Владиевци-Василево-Струмица (врска со А4) |

## "Р2" РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Р2131 | Драчево (врска со Р1106)-Орешани-Таор - Катланово (врска со Р1102) |
| 2 | Р2132 | Мост с.Близанско (врска со Р1106)-Растеш-Калуѓерец (врска со Р1106) |
| 3 | Р2133 | Куманово (врска со Р1104)-Липково-Матејче-Никуштак-врска со Р1104 |
| 4 | Р2134 | Драчево (врска со Р1106)-К.Вода (Усје)-Сопиште-Говрлево (врска со Р1106) |
| 5 | Р2135 | Горно Коњаре (врска со Р2136)-Малино-Преод-Горобинци-Св.Николе (врска со Р1204) |
| 6 | Р2136 | Р'жаничино (врска со Р1102)-Средно Коњаре-Горно Коњаре - Винце-Пчиња-Орашац (врска со Р1204) |
| 7 | Р2137 | Врска со Р1102-Војшанци-Корешница-Д.Капија (врска со Р1102) |
| 8 | Р2138 | Врска Р2134-Сончев Град-Водно-Г.Нерези |
| 9 | Р2231 | Гостивар (врска со Р2233)-Србиново-Туин-Осломеј-врска со А2 |
| 10 | Р2232 | Бучиште (врска со Р1205)-Злетово-хидроакумулација Злетовица |
| 11 | Р2233 | Гостивар (врска со А2)-Чегране-клучка Тетово запад (врска со А2, Брвеница) |
| 12 | Р2234 | Клучка Сарај (врска со А2)-Радуша-Јегуновце-Теарце (врска со Р1203) |
| 13 | Р2235 | Маврови Анови (врска со Р1202)-Маврово-Леуново-Бунец (врска со Р1202) |
| 14 | Р2236 | Свети Николе (врска со А4)-Мечкуевци-Пуздерци-Неокази (врска со Р1205) |
| 15 | Р2237 | Куманово (врска со Р1204)-Младо Нагоричане (врска со А2) |
| 16 | Р2238 | Маврово (врска со Р2235)-Галичник-Селце-Тресонче-Лазарополе-врска со Р2246) |
| 17 | Р2239 | Стенковец (врска со А2/А4)-Бродец-Танушевци (гр. со Р.Косово) |
| 18 | Р2240 | врска со Р1201-Вевчани-Октиси-врска со А2 |
| 19 | Р2241 | Врска со Р1201 (Глобочица)-Јабланица-граница со Р.Албанија (ГП Лакавица) |
| 20 | Р2242 | Желино (врска со А2)-Јегуновце (врска со Р2234) |
| 21 | Р2243 | Струга (врска со Р1201)-Дрслајца-Долно Татеши - Мислодежда - Локов-Буринец-врска со Р1201 |
| 22 | Р2244 | Врска со Р1207-Жегљане-Рамно-гр. со Р.Србија |
| 23 | Р2245 | Крива Паланка (врска со А2)-Осиче-Огут-гр. со Р.Србија |
| 24 | Р2246 | Бошков Мост (врска со Р1202)-Извор (врска со А2) И делница за с.Гари |
| 25 | Р2247 | Павлешенци (врска со Р1204)-Татомир-Секулица-врска со Р1205 |
| 26 | Р2248 | Ранковце (врска со А2)-Герман-Нерав |
| 27 | Р2249 | Мелнички мост (врска со Р1202)-Папрадник-Брештани-Селце (врска со со Р2243) |
| 28 | Р2250 | Крива Паланка (врска со А2)-Дубровница-Голема Црцорија-Луке-граница со Р.Србија |

| | | |
|---|---|---|
| 29 | **Р2331** | Битола (врска со Р1101)-Ниже Поле-Пелистер - Брајчино - Љубојно (врска со Р1308) |
| 30 | **Р2332** | Врска со Р1307(Царина )-Трпејца (врска со А3 и Р1301) |
| 31 | **Р2333** | Битола (врска со А3)-Бистрица-Драгош |
| 32 | **Р2334** | Штип (врска со Р1204)-Карбинци-Аргулица-Теранци-Зрновци - Виница (врска со Р1304)-Јакимово-Калиманци-врска со Р2345 |
| 33 | **Р2335** | Вашареица (Врска со Р1101)-Бучин-Обршани-Кривогаштани-Ропотово (врска со Р1303) |
| 34 | **Р2336** | Стари Град (врска со Р1312)-Богомила-Ропотово (врска со Р1303) |
| 35 | **Р2337** | Крушево (врска со Р1306)-Пуста Река-Простране (врска со Р1305) |
| 36 | **Р2338** | Меџитлија (врска со А2к)-Гермијан-Старавина-Градешница-Бешиште-врска со Р1107 |
| 37 | **Р2339** | Ново Лагово (врска со Р1101)-Галичани-Обршани-Бучин-Граиште- врска со Р-1305) |
| 38 | **Р2340** | Врска со Р1101-Добрушево-Новаци-Бач (врска со Р2338) |
| 39 | **Р2341** | Делчево (врска со А3)-Габрово-гр. со Р.Бугарија |
| 40 | **Р2342** | Тркање (врска со А3)-Соколарци-Пишица (врска со Р1205) |
| 41 | **Р2343** | Делчево (врска со А3)-Голак |
| 42 | **Р2344** | Врска со Р1312-Чашка-Лисиче-Дреново |
| 45 | **Р2345** | врска со А3-Бигла-Трсино-врска со Р1304 |
| 43 | **Р2346** | Тработивиште (врска со Р1302)-Разловци-Митрашинци (врска со Р1304) |
| 44 | **Р2347** | Кажани (врска со А3)-Лера-Стрежево-Црновец-Лопатица (врска со Р1305) |
| 46 | **Р2431** | Радовиш (врска со Р1310)-Плачковица-Аргулица (врска со Р2334) |
| 47 | **Р2432** | Струмица (врска со А4)-Вељуса-Василево (врска со Р1403) |
| 48 | **Р2433** | Радовиш (врска со А4)-Конче -Загорци-Лесковица (врска со Р1103)-Селце-Софилари (врска со А4) |
| 49 | **Р2434** | Врска со Р1401-Рич-врска со Р2433 |

**"Р29" РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Р29171** | Демир Капија (врска со Р1102) - Крњево - Конопиште - Мушов Гроб (спој со Р1107) |
| 2 | **Р29172** | Беловодица (врска со А1)-Дуње (врска со Р1107) |
| 3 | **Р29173** | Неготино (врска со Р1103)-Д. Дисан-Бесвица (врска со Р29171) |
| 4 | **Р29174** | Крњево (спој со Р29171)-Радња - СЦ Кожув (спој со Р1108) |
| 5 | **Р29175** | Могила (врска со Р1101)-Будаково-врска со Р2340 |
| 6 | **Р29176** | Катланово (врска со Р1102) - Катлановска Бања |
| 7 | **Р29177** | Миравци (врска со Р1105)-Милетково-врска со Р1102 |
| 8 | **Р29178** | Лојане - гр. со Р.Србија (Миратовац) |
| 9 | **Р29271** | с. Маждивњак (врска со А2)-Каврак-Мушково-Кратово (врска со Р1205) |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | P29272 | Опае (врска со Р2133) - Слупчане - Белановце - Злокуќане - гр.со Р. Косово |
| 11 | P29273 | Ботун (врска со А2) - Белчишта - Брежани - Железнец - врска со Р1305 |
| 12 | P29274 | Шемшево (врска со Р2242) - Жилче - Лешок (врска со Р1203) |
| 13 | P29275 | Врска со Р1209 - Шипковица - гр. со Р.Косово |
| 14 | P29276 | Врска со Р1201 - Лабуниште - Боровец |
| 15 | P29277 | Врска со А2 - Клечовце - Бељаковце - Шопско Рударе - Секулица (врска со Р2247) |
| 16 | P29278 | Врска со А2 - Неготино (Полошко) |
| 17 | P29279 | Здуње (врска со А2) - Вруток |
| 18 | P29371 | Врска со А3-Кривени-Слоештица-врска со Р1305 |
| 19 | P29372 | Врска со А3 - Ротино - детско одмаралиште - Бегова Чешма (Пелистер) |
| 20 | P29373 | Пехчево (врска со Р1302) - гр. со Р.Бугарија (Ајдучки Кладенец) |
| 21 | P29374 | Варош (врска со Р1303) - Манастир Св. Богородица (Трескавец) |
| 22 | P29375 | Костинци (врска со Р2336) - Манастир Св. Преображение (Зрзе) |
| 23 | P29376 | Врска со Р1308 - Манастир Св. Ѓорѓија (Курбиново) - Манастир Св.Богородица - врска со Р1308 |
| 24 | P29471 | Подареш (врска со Р1310)-Јаргулица-Покрајчево-Злеово-Радичево (врска со А4) |

**3275.**

Врз основа на член 14 став 5 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија” бр. 84/2008, 52/2009, 114/2009, 154/2010, 23/2011 и 53/2011), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22.10.2011 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

I. Во Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за 2011 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 08/11 и 46/11), во делот II. ПРИХОДИ, во точка 1. Трансфер од Централниот Буџет (делот од акцизата од деривати од нафта), износот: “2.135.484.000” се заменува со износот: “2.035.484.000”.

Во точка 5. Странски кредити, потточка 5.1, износот: “950.000.000” се заменува со износот: “1.030.000.000”.

Во потточка 5.2. износот: “533.416.000” се заменува со износот: “453.416.000”.

II. Во дел III. РАСХОДИ, износот: “5.728.900.000” се заменува со износот: “5.628.900.000”.

Во пододделот III.1. Потпрограма 10 АДМИНИСТРАЦИЈА, износот: “58.400.000” се заменува со износот: “53.400.000”.

Во точка 1. Плати, наемнини и надоместоци, износот: “35.000.000” се заменува со износот: “30.000.000”.

Во пододделот III.2. Потпрограма 2А ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТИШТА, износот: “4.226.431.000” се заменува со износот: “4.032.348.000”.

Во точка 1. Инвестиции од странски кредити, потточка 1.2. износот: “600.000.000” се заменува со износот: “680.000.000”.

Во потточка 1.3. износот: “533.416.000“ се заменува со износот: “453.416.000“

Во точка 2. Сопствено учество во инвестиции со странски кредити, потточка 2.2. износот: “108.000.000” се заменува со износот: “122.400.000”.

Во потточка 2.3. износот: “96.015.000” се заменува со износот: “81.615.000”.

Во точка 3. Инвестиции со сопствени средства, износот: “1.056.000.000” се заменува со износот: “826.917.000”.

Во потточка 3.2. износот: “356.000.000” се заменува со износот: “296.700.000”.

Во потточка 3.3. износот: “213.000.000” се заменува со износот: “133.000.000”.

Во потточка 3.5. износот: “97.000.000” се заменува со износот: “57.000.000”.

Потточките 3.7 и 3.9. се бришат.

Во потточка 3.10. износот: “5.000.000” се заменува со износот: “217.000”.

Потточките 3.11. и 3.12. се бришат.

Во точка 6. Расходи за студии, проектирање, надзор, провизии, материјални и други трошоци, износот: “450.000.000“ се заменува со износот: “485.000.000“

Во потточка 6.1. износот: “330.000.000“ се заменува со износот: “365.000.000“

Во пододделот III.3. Потпрограма 20 ПАТИШТА, износот: “1.444.069.000” се заменува со износот: “1.543.152.000”.

Во точка 7. Експропријација, износот: “80.000.000” се заменува со износот: “100.000.000”

Во точка 8. Расходи за материјални и други трошоци, износот: “40.000.000” се заменува со износот: “60.123.000”

Во точка 10. Отплата на кредити, износот: “923.650.000” се заменува со износот: “977.610.000”

Во потточка 10.1. износот: “701.470.000” се заменува со износот: “736.770.000”.

Во потточка 10.2. износот: “222.180.000” се заменува со износот: “240.840.000”.

Во точка 11. Пренесени обврски од претходни години, износот: “100.419.000“ се заменува со износот: “105.419.000“

Во потточка 11.1. износот: “100.419.000“ се заменува со износот: “105.419.000“.

III. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 51-6037/1
22 октомври 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**3276.**

Врз основа на член 36 став 4 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10 и 51/11), Владата на Република Македонија на 22.10.2011 година, донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ВО РАБОТАТА НА МИНИСТЕРСТВАТА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ЗАКОНИ

Член 1

Со ова упатство се уредува начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување закони, за кои согласно правната рамка за Процена на влијанието на регулативата (во натамошниот текст: ПВР), се изработува ПВР преку разгледување различни опции, правење анализи на очекуваните трошоци, придобивки и влијанија и консултации со засегнати страни и истата се документира во пропишани обрасци за ПВР (во натамошниот текст: обрасци за ПВР).

Член 2

За засегнати страни согласно ова упатство се сметаат бизнис-заедницата, невладини организации, здруженија и фондации, физички и правни лица кои на каков било начин можат да бидат засегнати од имплементацијата на предлог-законот што се изготвува.

Во постапката за изготвување закони од страна на министерствата, треба да им се овозможи на засегнатите страни ефективно да учествуваат во изготвување на законите од самиот почеток, па сѐ до утврдување на текстот на предлог-законот од страна на Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата), согласно Уставот на Република Македонија.

Член 3

Министерствата треба да ги информираат засегнатите страни за предлогот за изготвување закон преку соопштение подготвено од страна на одговорните за односи со јавност во министерствата, објавено на Единствениот национален електронски регистар на прописи (во натамошниот текст: ЕНЕР) и на веб-страницата на министерството.

Соопштението од став 1 на овој член содржи:

- назив на министерството кое го предлага законот;
- назив на предложениот закон;
- местата каде што засегнатите страни можат да ја преземат електронската верзија на предлог-законот и обрасците за ПВР (директна врска до веб-страницата на министерството и до ЕНЕР од каде што истите можат да се преземат);
- временскиот период во кој ќе се подготвува предлог-законот и соодветните обрасци за ПВР;
- поштенска и електронска адреса (адреса на е-пошта) на кои можат да се доставaт коментари, мислења и предлози, вклучувајќи и информација за одговорно лице за контакт во министерството;
- начинот на вклучување на засегнатите страни во подготовката на предлог-законот, вклучувајќи:
- рокови за јавна консултација и за давање коментари, мислења и предлози;
- најава за јавен увид и јавна расправа што ќе биде организирана од министерството и
- други информации што можат да помогнат засегнатите страни да учествуваат во процесот на донесување закони.

Член 4

Министерството при планирањето и изработката на законите на својата веб-страница и на ЕНЕР ги објавува релевантните документи поврзани со конкретниот предлог-закон, и тоа:

- по донесување на годишната програма за работа на министерството, за секој планиран закон се објавува Дел 1 од Образец број 1 – План за ПВР, во кој се наведува почетната процена на влијанието на регулативата и планирањето на работата за изработка на предлог-законот;
- пред започнување на изработка на предлог-законот, се објавува Планот за работа кој се планира да се спроведе со цел понатамошен развој на предлог-законот и Иницијалната или Комплетната ПВР, вклучувајќи следење на процесот на консултации, опис и назив на конкретните засегнати страни што се предлага активно да се консултираат, вклучувајќи ја и пошироката јавност, како и формата во која ќе се остварат консултациите;
- за време на изработка на предлог-законот, се објавува Образец број 2 – Иницијална ПВР или Образец број 3 – Комплетна ПВР во зависност од комплексноста на влијанијата, во кои се разработени можните решенија и очекуваните влијанија од предлог-законот, како и текст на верзијата на предлог-законот, во зависност од фазата во која се наоѓа;
- пред поднесување на предлог-законот во Генералниот секретаријат на Владата, се овозможува јавен увид во предлог-законот, односно се објавува текстот на предлог-законот, Иницијалната или Комплетната ПВР и
- по завршување на јавниот увид, се објавува текстот на предлог-законот, Иницијалната или Комплетната ПВР и Извештајот од спроведените консултации.

Министерството треба во текот на подготвувањето и во постапката на донесувањето на законите редовно да ги објавува верзиите на предлог-законот, како и на обрасците за ПВР на својата веб-страница и на ЕНЕР, веднаш по нивната изработка. Претходните верзии од документите поврзани со предлог-законот исто така треба да бидат достапни со цел обезбедување следливост на подготвувањето и постапката на донесувањето на законите.

Член 5

При изготвување на законите, министерствата вршат:

- консултации со засегнатите страни преку ЕНЕР за сите документи кои се релевантни за предлог-законот според фазата на подготвување и постапката на донесување на законот;
- јавен увид на предлог-законот и Иницијалната ПВР во траење од најмалку 30 дена, односно доколку за предлог-законот се прави Комплетна ПВР, рокот за јавниот увид се зголемува на најмалку 60 дена;
- јавни расправи за предлог-законот и Иницијалната или Комплетната ПВР кои се одржуваат најмалку 15 дена од денот на ставањето на предлог-законот на јавен увид и најдоцна пет дена пред истекувањето на рокот за јавниот увид и
- писмени консултации по јавниот увид на предлог-законот и Иницијалната или Комплетната ПВР, најдоцна пет дена пред истекувањето на рокот за јавниот увид.

Дополнително, согласно потребите, министерството може да спроведе:

- консултации со засегнатите страни преку учество во работни групи формирани од страна на министерството или Владата и
- консултации на конкретни теми и прашања, по барање на министерството, поврзани со подготовката на предлог-законот.

Член 6

Во зависност од содржината на законот и економските, социјалните, општествените и влијанијата врз животната средина, кои истиот ќе ги предизвика, министерството ги утврдува засегнатите страни со кои активно ќе се консултира по однос на предлог-законот преку препознавање на субјектите кои можат да бидат засегнати со имплементација на истиот.

Сите засегнати страни можат да го дадат своето мислење и коментар по предлог- законот и Иницијалната или Комплетната ПВР преку ЕНЕР или директно до министерството, како и да земат учество во јавните расправи.

Член 7

Министерството писмено ги поканува засегнатите страни да учествуваат во консултациите наведени во член 5 од ова упатство при подготовка на законот. Поканата се објавува на веб-страницата на министерството и на ЕНЕР.

Министерството објавува информаци за јавниот увид и неговото времетраење на својата веб-страница и на ЕНЕР, како и датумот и локацијата на одржување на јавната расправа.

Министерството писмено или по електронска пошта ги поканува засегнатите страни да земат учество во јавната расправа, најмалку пет дена пред нејзиното одржување.

Други правни и физички лица кои се сметаат за засегнати страни можат да побараат учество во јавната расправа.

Член 8

Учеството на засегнатите страни во постапката на изготвување на законите се координира од страна на министерството што го изготвува законот.

При организирање јавна расправа, министерството води записник и подготвува список на учесници кои присуствувале на истата и истите ги објавува најдоцна 10 дена од одржувањето на јавната расправа на веб-страницата на министерството и на ЕНЕР.

Министерството ќе смета дека засегнатите страни немаат приговори и се согласуваат со предлог-законот ако за време на јавната расправа или за време на јавниот увид, засегнатите страни не достават коментари, мислења или сугестии.

Член 9

Најдоцна 10 дена од завршувањето на консултациите со засегнатите страни и јавниот увид, министерството треба да подготви извештај во кој ќе бидат содржани добиените коментари, мислења и предлози по однос на предлог-законот и одговори по истите, со образложение поради кои истите се прифаќаат или се одбиваат, како и преглед на вклучените засегнати страни.

Извештајот од став 1 на овој член се објавува на веб-страницата на министерството и на ЕНЕР и се приложува кон Иницијалната или Комплетната ПВР при нивното предавање во Генералниот секретаријат на Владата.

Член 10

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-4793/1
25 октомври 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**3277.**

Врз основа на член 27 став 1 алинеја 6 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08 и 53/11), министерот за внатрешни работи, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕГИСТРАЦИОНИТЕ ПОДРАЧЈА ЗА ВОЗИЛАТА И НИВНИ ОЗНАКИ

Член 1

Во Правилникот за регистрационите подрачја за возилата и нивни ознаки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 94/09), во Прилог бр.1 Список на ознаките на регистрационите подрачја, во точка 17 ознаката „ŠT“ се заменува со ознака „ST“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 18.2.2012 година.

Бр. 121-74899/1
18 октомври 2011 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**3278.**

Врз основа на член 71 став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10 и 53/11), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на унапредување на царинските службеници во Царинската управа.

Член 2

Унапредувањето на царинските службеници ќе се врши во транспарентна постапка, врз основа на професионалните активности и квалификации на царинските службеници, нивната работна способност, завршените обуки и оценката на работната изведба, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување.

Член 3

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

- „унапредување“ е движење на царинскиот службеник во системот на кариера на начин што е прераспореден на друго работно место со повисоко звање, кое согласно со хиерархијата на работни места утврдени во актот за систематизација на работните места е еден степен повисоко од работното место на кое дотогаш работел;
- „слободно работно место“ е работно место на кое со договор за вработување или со решение за распоредување не е распореден царински службеник и
- „непосреден раководен царински службеник“ е царински службеник кој раководи со работата на организационата единица во која царинскиот службеник работи.

Член 4

Царински службеник може да биде унапреден на друго работно место со повисоко звање, кое согласно хиерархијата на работни места утврдени во актот за систематизација на работните места е еден степен повисоко од работното место со звање на кое дотогаш работел – вертикално унапредување.

Член 5

Царинскиот службеник може да биде унапреден на работно место со повисоко звање, доколку:

- работното место на кое се унапредува е слободно,
- ги исполнува условите утврдени со актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето,
- ги има завршено обуките утврдени за работното место на кое се унапредува,
- бил оценет со оцени утврдени со овој правилник и
- во последните три години не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски и не му е намалувана платата поради не остварени просечни односно очекувани резултати во работата.

Член 6

(1) Царински службеник може да биде унапреден на работно место со повисоко звање, доколку ги исполнува условите од член 5 на овој правилник и три пати едноподруго бил оценет со конечна оцена „се истакнува“ согласно Оперативната инструкција за системот на оценување на работата на царинските службеници во Царинската управа.

(2) По исклучок од став 1 на овој член, за раководните царински службеници помошник директор, управник на царинарница, началник на независно одделени и советник на директорот од групата на стручни царински службеници кои најмалку три години биле на овие работни места треба да се оценети еднаш со оценка „се истакнува “ согласно Оперативната инструкција за системот на оценување на работата на царинските службеници во Царинската управа.

Член 7

(1) Во процесот на унапредување на друго работно место со повисоко звање не треба да се врши прескокнување на степенот на работното место со звање во хиерхијата на работните места утврдени со актот за систематизација на работните места.

(2) По исклучок од став 1 на овој член, унапредување на царински службеник на работно место со повисоко звање може да се изврши и за повеќе од еден степен на работно место со звање во хиреархијата на работни места утврдени со актот за систематизација на работните места, доколку на интерниот оглас не се јави ниту еден кадидат.

Член 8

(1) Ако царински службеник е распореден на работно место со исто звање, а работното место според природата на работните задачи припаѓа на организациона единици различна по надлежностите од организационата единица во која работел, не значи дека е унапреден на друго работно место.

(2) Ако царински службеник во текот на работниот однос е распореден на друго работно место кое само локациски е различно од претходното работно место, не значи дека е унапреден на друго работно место.

Член 9

Постапката за унапредување на царински службеник на друго работно место со повисоко звање се спроведува со објавување на интерен оглас за слободното работно место согласно Оперативната инструкција за начинот и постапката за спроведување на интерен оглас за пополнување на слободни работни места во Царинската управа, со која е пропишана постапката по интерен оглас.

Член 10

Во случај кога на интерниот оглас нема да се јави ниту еден кандидат, а пополнувањето на слоботно работно место е неопходно поради потребите на службата, ќе се изврши распоредување на вработен кој ги исполнува условите од член 5 на овој правилник.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од први јануари 2012 година.

Бр. 11-28086/6
20 октомври 2011 година — Министер за финансии,
Скопје — м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**3279.**

Врз основа на член 69 став 7 од Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија" бр. 106/07, 88/10, 36/11, 53/11 и 136/11), министерот за здравство, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ПО БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЛЕКОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за производство на лекови, во рок утврден во членот 69 став 3 од Законот за лековите и медицинските помагала.

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец „Барање заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за производство на лекови”, со формат А4 во бела боја, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, назив на барањето, назив на правното лице, седиште на правното лице, краток опис поради кој се поднесува барањето, број, датум и место и потпис на подносителот на барањето.

Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува копие од барањето за добивање одобрение за производство на лекови.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 15-5857/1
26 октомври 2011 година — Министер за здравство,
Скопје — **Никола Тодоров,** с.р.

Прилог

До писарницата на
директорот на Агенцијата за лекови

**Б А Р А Њ Е**
заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за производство на лекови

Од ___________________________________________ , со седиште
(назив на правното лице)
во________________ , на улица _______________________, број ______ .

На ______________________________ поднесов барање за добивање
(ден, месец и година)
одобрение за производство на лекови.

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Бидејќи во рокот утврден во членот 69 став 3 од Законот за лековите и медицинските помагала не е донесено одобрение за производство на лекови, односно не е донесено решение за одбивање на барањето, поднесувам барање до директорот на Агенцијата за лекови да донесе решение за производство на лекови, односно решение за одбивање на барањето за производство на лекови.

Кон ова барање доставувам копија од поднесеното барање за добивање одобрение за производство на лекови.

Подносител на барањето

______________________
(правно лице)

Број: ________________
Датум: _______________
Место: _______________

---

**3280.**

Врз основа на член 76 став 6 од Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија", бр. 106/07, 88/10, 36/11, 53/11 и 136/11), министерот за здравство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ПО БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРОМЕТ НА ГОЛЕМО СО ЛЕКОВИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за промет на големо со лекови, во рок утврден во членот 76 став 2 од Законот за лековите и медицинските помагала.

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец „Барање заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за промет на големо со лекови”, со формат А4 во бела боја, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, назив на барањето, назив на правното лице, седиште на правното лице, краток опис поради кој се поднесува барањето, број, датум и место и потпис на подносителот на барањето.

Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува копие од барањето за добивање одобрение за промет на големо со лекови.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 15-5857/2
26 октомври 2011 година
Скопје

Министер за здравство,
**Никола Тодоров,** с.р.

Прилог

До писарницата на
директорот на Агенцијата за лекови

Б А Р А Њ Е
заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за промет на големо со лекови

Од ________________________________________________ , со седиште
(назив на правното лице)
во__________________ , на улица _________________________ , број ______ .

На ___________________________________ поднесов барање за добивање
(ден, месец и година)
одобрение за промет на големо со лекови.

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Бидејќи во рокот утврден во членот 76 став 2 од Законот за лековите и медицинските помагала не е донесено одобрение за промет на големо со лекови, односно не е донесено решение за одбивање на барањето, поднесувам барање до директорот на Агенцијата за лекови да донесе решение за промет на големо со лекови, односно решение за одбивање на барањето за промет на големо со лекови.

Кон ова барање доставувам копија од поднесеното барање за добивање одобрение за промет на големо со лекови.

Подносител на барањето

_______________________
(правно лице)

Број: ____________________
Датум: __________________
Место: __________________

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3281.**

Постапувајќи согласно член 1 став 2 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), член 86 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/2005, 110/2008 и 51/2011), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија го дава следното

### С О О П Ш Т Е Н И Е

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија има управни акти што не успеа да ги достави лично и тоа:

1. Решение бр. 07-7/2 од 4.5.2011 година донесено од страна на Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност, за лицето Младен Дамев кеј „13 Ноември" 20/27 Скопје.

2. Заклучок бр. УП1 08-61 од 01.08.2011 година донесено од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, за лицето Маријан Поповски ул. „Драга Стојановска" 4/24 Скопје.

Се повикуваат горенаведените лица во рок од 7 (седум) дена од објавувањето на ова соопштение да се јават во просториите на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и да ги подигнат горенаведните акти.

НАПОМЕНА: Странките се предупредуваат дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава, а секоја настаната негативна последица која може да настане ќе ја сноси самата странката.

Бр. 08-2307/1
18 октомври 2011 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
**Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

## КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3282.**

Врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 08/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10), Комората на извршители на РМ на ден 21.10.2011 година, го донесе следново

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕНОТ ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА НА ИЗВРШИТЕЛОТ

Звонимир Мисајловски, со живеалиште во Тетово на ул. „142" бр.50, именуван за подрачјето на Основен суд Тетово, датумот 27.10.2011 година, се определува како ден за отпочнување со работа како извршител.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се достави до извршителот.

Ова решение се објавува во „Службен весник на РМ" на Република Македонија.

Образложение

На ден 21.7.2011 година лицето Звонимир Мисајловски беше именувано за извршител за подрачјето на Основен суд Тетово, поради што Комората на извршители на РМ, врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр. 35/2005, 50/06, 129/06, 08/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10), одлучи како во изреката на ова решение.

Бр. 01-1619
21 октомври 2011 година
Скопје

Комора на извршители
на Република Македонија
Претседател,
**Антончо Коштанов,** с.р.

**3283.**

Врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 08/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10), Комората на извршители на РМ на ден 25.10.2011 година, го донесе следново

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕНОТ ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА НА ИЗВРШИТЕЛОТ

Маја Грква Караколева, со живеалиште во Велес на ул. „Прва комуна" бр.7/6, именувана за подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино, датумот 02.11.2011 година, се определува како ден за отпочнување со работа како извршител.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се достави до извршителот.

Ова решение се објавува во „Службен весник" на Република Македонија.

Образложение

На ден 21.7.2011 година лицето Маја Грква Караколева беше именувано за извршител за подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино, поради што Комората на извршители на РМ, врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр. 35/2005, 50/06, 129/06, 08/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10), одлучи како во изреката на ова решение.

Бр. 01-1633
25 октомври 2011 година
Скопје

Комора на извршители
на Република Македонија
Претседател,
**Антончо Коштанов,** с.р.

---

**3284.**

Врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 08/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10), Комората на извршители на РМ на ден 25.10.2011 година, го донесе следново

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕНОТ ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА НА ИЗВРШИТЕЛОТ

Слободанка Балгурова, со живеалиште во Скопје, на ул. „Мирче Ацев" бр. 3-2/16, именувана за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје, датумот 01.12.2011 година, се определува како ден за отпочнување со работа како извршител.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се достави до извршителот.

Ова решение се објавува во „Службен весник на РМ" на Република Македонија.

Образложение

На ден 21.07.2011 година лицето Слободанка Балгурова беше именувано за извршител за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје, поради што Комората на извршители на РМ, врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување ("Службен весник на РМ" бр. 35/2005, 50/06, 129/06, 08/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10), одлучи како во изреката на ова решение.

Бр. 01-1635
25 октомври 2011 година
Скопје

Комора на извршители
на Република Македонија
Претседател,
**Антончо Коштанов,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**3285.**

Врз основа на членовите 202 и 222, а во врска со член 145 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 79/07, 88/08, 79/07,08/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИ РАБОТИ

1. СЕ ИЗДАВА ДОЗВОЛА за вршење на осигурително брокерски работи на Осигурителното брокерско друштво АМГ ПРЕМИУМ АД Скопје со седиште на ул. Владимир Комаров бр. 31/2-4, Скопје.

2. Друштвото од точка 1 на ова Решение произлегува од Друштвото за застапување во осигурување АМГ ПРЕМИУМ АД Скопје кое преку промена на називот продолжува да работи со сите негови права и обврски.

3. Со донесување на ова Решение ПРЕСТАНУВА да важи Решението бр. 12-8843/2 од 21.3.2008 година издадено од Министерството за финансии со која се издава дозвола за вршење на работи на застапување на Друштвото за застапување во осигурување АМГ ПРЕМИУМ А.Д. Скопје.

4. Осигурително брокерското друштво од точка 1 на ова Решение ќе врши исклучиво осигурително брокерски работи.

5. Осигурително брокерското друштво од точка 1 на ова Решение е должно да склучи договор за осигурување од професионална одговорност со кој ќе ги осигура своите обврски кон сопствениците на полиси во случај на прекршување на одредбите од договорот за посредување до еден осигурен износ, кој во однос на поединечен случај не смее да биде помал од 250.000 евра (двесте и педесет илјади евра) и/или во врска со сите осигурени случаи во една година не смее да биде помал од 500.000 евра (петстотини илјади евра), веднаш по уписот во Централниот Регистар на Република Македонија.

6. Осигурително брокерското друштво од точка 1 од ова решение, за вршење на осигурително брокерски работи е должно да вработи најмалку двајца осигурителни брокери , веднаш по уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

8. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 09-3398/2
7 октомври 2011 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Климе Попоски,** с.р.

**3286.**

Врз основа на членовите 202 и 222, а во врска со член 145 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 79/07, 88/08, 79/07,08/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИ РАБОТИ

1. СЕ ИЗДАВА ДОЗВОЛА за вршење на осигурително брокерски работи на Осигурителното брокерско друштво „СУПЕР БРОКЕР„ АД Скопје со седиште на ул. Александар Урдаревски бб, Општина Кучевиште, Скопје при што како основач се јавува правното лице Друштво за производство, трговија и услуги СУПЕР ОИЛ-ЕСИ ДООЕЛ увоз-извоз, со седиште на ул. Кучевиште бр. Пат кон/Мирковци Кучевиште,Чучер-Сандево, Скопје, Република Македонија.

2. Осигурително брокерското друштво од точка 1 на ова Решение ќе врши исклучиво осигурително брокерски работи.

3. Осигурително брокерското друштво од точка 1 на ова Решение е должно да склучи договор за осигурување од професионална одговорност со кој ќе ги осигура своите обврски кон сопствениците на полиси во случај на прекршување на одредбите од договорот за посредување до еден осигурен износ, кој во однос на поединечен случај не смее да биде помал од 250.000 евра (двесте и педесет илјади евра) и/или во врска со сите осигурени случаи во една година не смее да биде помал од 500.000 евра (петстотини илјади евра), веднаш по уписот на друштвото во Централниот Регистар на Република Македонија.

4. Осигурително брокерското друштво од точка 1 од ова Решение, за вршење на осигурително брокерски работи е должно да вработи најмалку двајца осигурителни брокери, веднаш по уписот на друштвото во Централниот Регистар на Република Македонија.

5. Уписот во Централниот Регистар на Република Македонија, да се изврши по приложен доказ за уплатени парични средства во износ од 50.000 евра ( педесет илјади евра) во денарска противвредност на име на основачки капитал на Друштвото, на сметка кај носител на платен промет во Република Македонија.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 09-3106/2
7 октомври 2011 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Климе Попоски,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2011 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2011150